Australian Government

myagedcare

Support at Home

Macedonian | Македонски

Добијте го резултатот од вашата проценка | Чекајте да ви бидат доделени услуги | **Најдете давател на услуги од програмата Поддршка во домашни услови** | Склучете договор за услуги | Управувајте со вашите услуги

# Пребарување информации за даватели на услуги од програмата „Поддршка во домашни услови“

Сега кога сте добиле одобрение за користење на услуги од програмата Поддршка во домашни услови (Support at Home), ќе треба да побарате информации за даватели на услуги и да дознаете дали тие нудат услуги што ги задоволуваат вашите проценети потреби и вашиот буџет. Треба да ги земете предвид сите посебни барања. На пример, некои даватели на услуги се специјализирани за услуги, како што се поддршка на специфичен јазик или за деменција.

Може да најдете даватели на услуги во вашата локална област користејќи ја алатката „Најдете давател на услуги“ (Find a provider) на веб-страницата на My Aged Care на **MyAgedCare.gov.au/Find-A-Provider** или ако се јавите на My Aged Care на бесплатниот број **1800 200 422**.

Можете исто така да посетите центар за услуги на Services Australia или да закажете бесплатен состанок лице в лице преку интернет за општи информации. За подетална поддршка, може да разговарате и со службеник специјалист за нега на постари лица (Aged Care Specialist Officer), доколку има таков во вашата област, или преку видео разговор. Посетете ја веб-страницата **ServicesAustralia.gov.au/My-Aged-Care-Face-To-Face-Services** или јавете се бесплатно на **1800 227 475**.

## Може ли да изберам кои услуги ќе ги добивам?

Можете да добивате само услуги кои ви се одобрени како дел од вашиот план за поддршка (support plan) во рамките на програмата Поддршка во домашни услови. Сепак, имате право да одлучите кои одобрени услуги ќе сакате да ги добивате, како и кој давател ќе ги обезбедува. Разговарајте за вашите проценети потреби за нега и вашите цели со потенцијалните даватели на услуги, за да разберете на кој начин најдобро можат да ви излезат во пресрет.

Вашите одобрени услуги може да вклучуваат услуги за чистење, домашни работи, основно одржување на градината, помош при капење, туширање и облекување, медицинска нега, краткорочна нега (respite), социјална поддршка или превоз.

Однесете копија од вашето писмо со одобрението за користење на услугите од програмата Поддршка во домашни услови и од планот за поддршка, како и резултатот од вашата проценка на приходи (доколку го имате) кај потенцијалните даватели на услуги, бидејќи тоа ќе ви помогне во разговорите.

## Колку ќе чини секоја услуга?

Во рамките на програмата Поддршка во домашни услови, ќе плаќате само за услугите што ги добивате.

Секој давател мора да ја објави својата најчесто користена цена за услугите што ги обезбедува на нивната веб-страница и на веб-страницата на My Aged Care. Информациите за цените може да ги видите и споредите користејќи ја алатката „Најдете давател на услуги“ на веб-страницата на My Aged Care на **MyAgedCare.gov.au/Find-A-Provider**.

Постојат заштитни мерки за да се осигура дека вашите цени се разумни и транспарентни. Дознајте повеќе на **MyAgedCare.gov.au/Support-Home-Program**.

## Колку ќе треба да придонесувам за трошоците на услугите што ги добивам?

Владата целосно ќе ја финансира клиничката нега, како што се нега од медицинска сестра и физиотерапија.

Висината на вашите придонеси ќе зависи од видот на услугата што ја добивате, како и од вашите приходи и имот.

Services Australia ќе изврши проценка на приходи и имот (income and asset assessment), слична на проценката на материјални средства (means test) за старосна пензија, за да ја утврди вашата стапка на придонес.

Services Australia или Министерството за воени ветерани (DVA) можеби веќе ги имаат вашите финансиски податоци од соодветна исплата за поддршка на приходите. Ќе треба да се осигурате дека вашите финансиски податоци се ажурирани.

Потврдете дали треба да направите проценка на приходи и имот на веб-страницата на Services Australia: **ServicesAustralia.gov.au/Aged-Care-Calculation-Your-Cost-Care**.

Доколку ви е потребна помош за да ја разберете или направите проценката на приходи и имот:

- јавете се бесплатно на Services Australia на **1800 227 475**, од понеделник до петок, од 8 часот наутро до 5 часот попладне.
- посетете центар за услуги на Services Australia или закажете бесплатен состанок лице в лице преку интернет на веб-страницата **ServicesAustralia.gov.au/My-Aged-Care-Face-To-Face-Services** или јавете се бесплатно на **1800 227 475**.

Доколку не направите проценка на приходи и имот, вашите придонеси ќе бидат утврдени по максималната стапка.

Мора да ги известите во Services Australia во рок од 14 дена за какви било промени на вашата финансиска состојба што може да влијаат на вашиот придонес.

За да добиете проценка на придонесите што можеби ќе треба да ги платите, користете го калкулаторот за проценка на цени (fee estimator) на услуги преку програмата Поддршка во домашни услови на **MyAgedCare.gov.au/Support-At-Home-Fee-Estimator**.

Помошта за финансиски тешкотии може да ви помогне ако, од причини надвор од ваша контрола, не можете да си дозволите да плаќате придонеси. Дознајте повеќе на **MyAgedCare.gov.au/Financial-Hardship-Assistance**.

## Како давателот го обезбедува квалитетот на услугата?

Изјавата за права (Statement of Rights) во новиот Закон за нега на постари лица (Aged Care Act) ќе обезбеди вие да бидете во центарот на негата за постари лица што ја добивате. Може да ги прашате давателите на услуги како ќе обезбедат дека ќе можете да донесувате одлуки за вашиот живот и вашите одлуки да не бидат само прифатени, туку и почитувани.

Подобрените Стандарди за квалитет на негата на постари лица (Aged Care Quality Standards) дефинираат како треба да изгледа квалитетната нега. Можете да побарате од давателите на услуги да ви дадат информации на начин на кој можете да разберете и да ви објаснат што значат тие информации за вас лично.

Сите даватели на нега и работници во системот на нега за постари лица мора да го следат и Кодексот на однесување за нега на стари лица (Code of Conduct for Aged Care). Може да ги прашате давателите на услуги како постапуваат во согласност со Кодексот за да обезбедат најдобра можна нега и поддршка.

Владата работи на нов модел за проверка на работниците со кој ќе се воведат построги проверки и кој ќе биде усогласен со проверките што се применуваат во Националната програма за осигурување на лица со попреченост (National Disability Insurance Scheme).

Може да ги прашате давателите на услуги како тие ќе проверуваат дали сите работници се соодветни за работа во негата на постари лица.

Сите работници за нега на постари лица мора да имаат соодветни квалификации, способности и искуство. Може да го прашате вашиот давател на услуги дали има програма за обука и какви квалификации очекува да имаат работниците пред да почнат да работат со нивните корисници.

Дознајте повеќе на **MyAgedCare.gov.au/Know-Your-Rights**.

## Какви постапки за решавање на жалби има давателот?

Вие ја одредувате вашата нега и имате контрола врз тоа кој, каде и кога ви ја дава. Прашајте го давателот на услуги каква постапка има за барање промена на работник за нега, дали постојат рокови за известување и/или дополнителни трошоци, како и дали има постапка за поднесување и разгледување на жалби.

Доколку не можете да решите некој проблем или жалба со вашиот давател или не се чувствувате пријатно да го направите тоа, може да ја контактирате **Комисијата за квалитет и безбедност на негата за постари лица** (Aged Care Quality and Safety Commission - ACQSC) на **1800 951 822**.

За информации за вашите права на нега за постари лица и за поддршка кога изразувате загриженост, јавете се на Мрежата за застапување на постари лица (Older Persons Advocacy Network - OPAN) на **1800 700 600** или посетете ја веб-страница **OPAN.org.au**. Овие услуги се бесплатни, во доверба и независни.

## Може ли да доведам некого на мојот разговор со давателите на услуги?

Можете со вас да доведете лице за поддршка, како на пример член на семејството, пријател или негувател, за да разговарате со давателот на услуги за тоа како сакате да добивате поддршка.

Вашето лице за поддршка може да биде вашиот овластен застапник (registered supporter). Тоа што имате овластен застапник не ве спречува да правите нешто што можете сами да го направите.

За повеќе информации, посетете ја веб-страницата **MyAgedCare.gov.au** или јавете се на **1800 200 422**.

## Следни чекори

Пресметајте колку можеби ќе треба да придонесете во трошоците за вашата нега со користење на калкулаторот за проценка на цени (fee estimator) на услуги преку програмата Поддршка во домашни услови на **MyAgedCare.gov.au/Support-At-Home-Fee-Estimator**

Почекајте да добиете писмо од My Aged Care со кое ќе ве известат за доделувањето на финансиски средства за услуги од програмата Поддршка во домашни услови. Писмото ќе вклучува код за упатување (referral code) што треба да му го дадете на вашиот давател.

Пристапете до вашиот план за Поддршка во домашни услови, одобренија и писма во вашата онлајн сметка на My Aged Care преку myGov. Вашите овластени застапници исто така може да имаат пристап до овие информации.

Пронајдете повеќе информации за тоа како да отворите и пристапите до вашата онлајн сметка преку myGov на **MyAgedCare.gov.au/Access-Your-Online-Account**.

## Повеќе информации

За детални информации за програмата Поддршка во домашни услови, може да ја прочитате брошурата „Поддршка во домашни услови" на веб-страницата на My Aged Care на **MyAgedCare.gov.au**.

Исто така може да нарачате печатена копија од оваа брошура така што ќе контактирате со Националната служба за поштенски и маркетинг услуги (National Mailing and Marketing) по имејл на **Health@NationalMailing.com.au** или по телефон на **(02) 6269 1025**.

## За помош

- Посетете ја веб-страницата **MyAgedCare.gov.au**.
- Телефонирајте на **1800 200 422**.
- Лично: за општи информации и поддршка посетете центар за услуги на Services Australia или закажете бесплатен состанок лице в лице преку интернет. За подетална поддршка, може да разговарате со службеник специјалист за нега на постари лица (Aged Care Specialist Officer), доколку има таков во вашата област, или преку видео разговор.

  Посетете ја веб-страницата **ServicesAustralia.gov.au/My-Aged-Care-Face-To-Face-Services** или јавете се бесплатно на **1800 227 475**.

## Список за проверка

- ☐ Размислете што е важно за вас и како потенцијалните даватели на услуги можат да ги обезбедат услугите што ви се потребни и што ги сакате, за да ви помогнат да се снаоѓате во вашиот дом.
- ☐ Направете список на даватели на услуги во вашата локална област:
  - ☐ користете ја алатката „Најдете давател на услуги" на веб-страницата на My Aged Care на **MyAgedCare.gov.au/Find-A-Provider**
  - ☐ споредете ги давателите на услуги, вклучувајќи ги нивните цени за некои вообичаени услуги што може да ги добиете преку вашиот план за поддршка од програмата Поддршка во домашни услови
  - ☐ посетете центар за услуги на Services Australia или закажете состанок преку интернет: **ServicesAustralia.gov.au/My-Aged-Care-Face-To-Face-Services** или јавете се бесплатно на **1800 227 475**.
- ☐ Разговарајте за вашите опции со вашата мрежа за поддршка.

Оваа публикација е точна од 1 ноември 2025 година.

DT0004880-1025